РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-719/18
17-11-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 25-та седница одржана на 12.11.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот оформен по пријава со број 12-2143/1 од 07.06.2024 година, со наводи за сомневање за незаконитости во постапката за именување на лицето ------- ------- за ВД Директор на --- ----------- --------- -- ------- ----------- и наводи за ангажирање на истото лице преку Агенција за интелектуална сопственост со авторски договор како надворешно лице, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека од аспект на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, наводите **СЕ ПОТВРДУВААТ**, за предметниот случај постапил друг надлежен орган, Министерството за култура - Сектор за управен и инспекциски надзор и констатирана е повреда на закон.

За констатираните прекршувања на законските одредби ДКСК ќе постапи согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и против лицето ---------------- ------------- во својство на поранешен Градоначалник на --------- ----------, ќе покрене иницијатива за поведување постапка за кривично гонење пред надлежно јавно обвинителство.

Предметот со број 12-2143/1 од 07.06.2024 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Пријавата со број 12-2143/1 од 07.06.2024 година е поднесена од познат подносител со наводи за сомневање за незаконитости во постапката за именување на лицето ------------ -------- за ВД Директор на ----- ------------ ------------ -- ---------- --------, од страна на

Градоначалникот на ------- ---------, ----------- -----------, како и наводи за ангажирање на истото лице преку Агенција за интелектуална сопственост со авторски договор како надворешно лице.
Во пријавата се наведува дека наведеното лице последователно било именувано на функцијата ВД Директор на ---- ------------- ------------ -- ------ ---------- неколку мандати по ред, од страна на Градоначалникот на ------- ---------- во периодот од 18.01.2023 година до денот на поднесување на пријавата.
Исто така, во пријавата изнесени се и наводи за ангажирање на истото лице преку Агенција за интелектуална сопственост со авторски договор како надворешно лице од месец октомври 2022 година со предмет на договор изработка на стручен труд – организација со изготвување на распоред со обврски на ангажирани лица во помошно техничка служба, за период од 01.10.2022 -31.12.2022 година, кој ангажман потоа му бил продолжен со нов авторски договор од 05.01.2023 година за период до 31.03.2023 година.
Во пријавата е наведено дека во моментот на првото именување за вршење на функцијата ВД директор, 18.01.2023 година, наведеното лице не бил од редот на редовно вработени лица во јавната установа туку имал статус на надворешно лице ангажирано со авторски договор, што за подносителот на пријавата претставува незаконско именување на лицето за ВД директор.
Кон оформениот предмет се приклучени уште две анонимни пријави број 12-2143/2 од 09.08.2024 година и број 12-719/10 од 04.08.2025 година со исти предметни наводи.

Во насока на проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во предметниот случај, ДКСК достави Барање за доставување на целокупната документација во однос на наводите од предметот до ------- ---------. По извршениот увид во доставената документација констатирано е следното:

На ден 17.01.2023 година, од страна на градоначалникот на ------- ---------, --------- -------- -------- донесено е Решение број 08-618/1 со кое лицето -------- --------- е именувано за ВД Директор на ----- ------------- ------------ -- ------ ---------, со мандат од 18.01.2023 до 18.07.2023 година. По истекот на овој мандат, истото лице повторно е именувано на оваа функција во неколку мандати по ред и тоа со Решение 08-7606/1 од 18.07.2023 со мандат од 19.07.2023 до 18.01.2024 година; потоа со Решение број 08-560/1 од 18.01.2024 година, за период од 20.01.2024 до 22.07.2024 година и Решение број 08-8554/1 од 22.07.2024 година за период од 21.07.2024 до 21.01.2025 година.
Кон известувањето се доставени Решенијата за именување но, не е доставена целокупната барана документација.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Именуваното лице сѐ уште ја извршува функцијата вршител на должноста директор во предметната јавна установа.

ДКСК, на ден 27.09.2024 година достави дополнително барање до ----- ------------ ------- --------- -- ------ ----------- по однос на достава на целокупната документација за докажување на исполнетоста на условите од 42 од Законот за установите, од страна на лицето ----------- ----------- именувано за вршител на должноста директор на ----- --- --------- ---------------- -- ------ -------, како и доказ за извршената услуга/изработен стручен труд, кој требало да се изработи по однос на двата погоре наведени авторски договори.

На ден 03.02.2025 година, преку електронска адреса на ДКСК доставена е ургенција/барање за доставување на информации до предметната јавна установа.

На ден 04.02.2025 година, од страна на Секторот за административни, општи, правни, финансиско книговодствени работи и тековно одржување при ------ ---------- , добиено е известување на електронска адреса на ДКСК, по однос на постапката за именување на ВД директор во ----- ------------ --------------- -- ------ ----- но, повторно не е доставена бараната документација.

*Доставено е образложение дека -- ---------- -------------- ------------- не располага со бараната документација од причина што согласно член 50 став (1) точка 9 од Законот за локална самоуправа, Градоначалникот на -------- ---------- како основач на ---------- -------------- ---- --------, ја спроведува постапката и носи Решение за именување на ВД Директор.*

Во месец август 2024 година, од страна на Градоначалникот на -------- --------- е објавен Јавен оглас за избор на директор на ---------- ---------- ------------- ----------- -- ------ --- --------- - ----------. Согласно јавно достапните информации, констатирано е дека изборот по овој оглас не е спроведен, од причина што двајца членови на Управниот одбор биле именувани на други функции, останал само еден член, кој не можел да решава за објавениот конкурс.

ДКСК, повторно на ден 18.02.2025 година побара од ------- ---------- да ја достави документацијата потребна за докажување на исполнетоста на условите од член 42 од Законот за установите, при именување на лицето Зоран Попов за вршител на должноста директор на ----- ------------ --------------- -- ------ --------. По барањето на ДКСК не е постапено и во законски предвидениот рок од 15 дена од денот на добивањето на барањето на Државната комисија, не се доставени бараните податоци и документација.

Оттаму, ДКСК констатира дека Градоначалникот на -------- ---------, --------- ------------- не постапила по Барање на ДКСК со број 12-719/4 од 18.02.2025 година и во законски предвидениот рок не ги доставила бараните информации до Државната комисија, со што постапила спротивно на член 23 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ" број 12/2019) и сторила прекршок кој е казнив по член 100 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
По однос на констатираниот прекршок, изготвен е записник и прекршочен платен налог против градоначалникот на --------- ---------, ----------- ------------ поради непостапување по барањето на ДКСК и недоставување на бараните информации во законски предвидениот рок за тоа и истите му се доставени на сторителот на прекршокот. Од страна на лицето не е платена глобата за предвидениот прекршок.

Поради неможност за обезбедување на потребната документација, ДКСК со барање број 12-719/9 од 13.05.2025 година, побара од Државниот управен инспекторат да изврши инспекциски надзор по однос на исполнетоста на условите утврдени во Законот за установите кои се однесуваат на постапката за избор на ВД директор во предметната установа. Од страна на управен инспектор е известено дека барањето на ДКСК на 25.08.2025 година е доставено на надлежно постапување на Државен инспекторат за труд како надлежен орган за прашања и постапки кои се уредени со колективен договор и Закон за работни односи.

Државен инспекторат за труд, на 30.09.2025 година, ја извести ДКСК дека по разгледување на предметниот случај, предметот го доставил на натамошно надлежно постапување на Министерство за култура - Сектор за управен и инспекциски надзор и на Министерството за локална самоуправа.

На 22.10.2025 година добиено е известување дека на 15.10.2025 година бил извршен вонреден инспекциски надзор во ------ ------- во врска со именувањето на лицето ---- ------- ---------- за ВД Директор на -- ----------------------------------- -- ------ --------, Согласно Записникот од извршениот вонреден инспекциски надзор извршен Министерство за култура - Секторот за управен и инспекциски надзор, при своето надлежно постапување утврдил неправилности во предметната постапка од аспект на примена на одредбите од член 34, а во врска со член 38 од Законот за културата, конкретно за именувањето на лицето ---------- ------, за вршител на должноста директор на ----- ------------ ---------------- -- ------- ----------, почнувајќи од 18.01.2023 година, со последното именување сметано од 23.07.2025 година, со мандат од 6

месеци, при што е констатирано дека именуваното лице ------- --------- не е од редот на вработените од ----- ------------ --------------- -- ------ --------.

По однос на наводите за ангажирање на лицето ------ ------------ со статус на надворешно лице/автор, ДКСК достави барање за доставување на целокупната документација до -- ------------ ----------- -----------, како и дополнително барање за достава на дополнителна документација за предметниот случај, на кое е одговорено дека установата не располага со никаква дополнителна документација која би можеле да ја достават на увид на ДКСК.

Согласно доставената документација констатирано е дека предметната јавна установа склучила авторски договор од 27.09.2022 година со важност од 01.10.2022 - 31.12.2022 година и авторски договор од 10.01.2023 година со важност од 01.01.2023-31.03.2023 година, како и анекс кон договорот од 05.01.2023 година, во кој се менува датумот на важност и истиот важи до 18.01.2023 година. Предмет на договорите било изработка на стручен труд - организација со изготвување на распоред со обврски на ангажирани лица во помошно техничка служба. Од страна на до -- ------------ -------- ------- ------------- не е доставен доказ/стручен труд за извршената услуга по склучените авторски договори.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК утврди дека наводите за сомневање за повреда на постапката за именување на лицето --------- ----------- за ВД Директор на -- --- ------------ ---------- -- --------- ------------, **се основани,** односно во периодот од 18.01.2023 година па до денес, именувано е лице за ВД Директор иако истото не ги исполнувало законски предвидените услови односно не е од редот на вработените во предметната јавна установа. како и наводите во однос на неговиот ангажам, како надворешно лице за изработка на стручен труд.

Со непочитувањето на наведените законски одредби и именување на лице за вршител на должност на предметната установа, кое не ги исполнува условите за вршењето на оваа функција, од страна на лицето ----------- ----------------- во својство на поранешен Градоначалник на -------- ----------, сторена е повреда на одредбите од Законот за културата, што претставува основ за сомневање дека наведеното лице ја злоупотребило својата службена положба и овластување и овозможило некаква корист за друг.

Воедно, со ваквите дејствија на наведеното лице сторена е и повреда на член 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и е прекршено

начелото на законитост согласно кое *„Никој не смее да ја користи функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за извршување или пропуштање на дејствие што според закон не смее, односно мора да го изврши, ниту да го подреди извршувањето на законито дејствие на својот личен интерес, ниту на интересот на друго лице.“*

За констатираните прекршувања на законските одредби ДКСК ќе постапи согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси **и против** лицето ------ --------- ----------- во својство на поранешен Градоначалник на -------- ---------, ќе покрене иницијатива за поведување постапка за кривично гонење пред надлежно јавно обвинителство.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**
**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: П.Б.,Советник
Контролирал: Ј.Ц.,Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., Член на ДКСК

Доставено до:
-Подносителот на пријавата